**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5880/**

# З А П И С Н И К

**Од 230.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 18.10.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски **(скајп)**,Ивана Трајковска **(скајп),**Селпин Керим **(скајп)**,м-р Јагнула Куновска **(скајп)** и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>/ |

Седницата почна во 14.10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 229.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разлгледување на Предлог Програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 229.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 229.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 229.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 229.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разлгледување на Предлог Програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година.**
На почетокот од расправата по оваа точка пред членовите на советот Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ, Смилка Јанеска Саркањац даде вовед и објасни дека е добро што во ваква постапка ќе се разгледеува и усвојува Програмата за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година, го објасни на законскиот рок во кој истата треба да е усвоена и доставена до Собранието на РМ, и на самиот почеток посочи дека добра вест е што во оваа програма планирана е Евровизија за 2024 година за разлика од минатата.
Претседателката Смилка Јанеска Саркањац предложи по однос на изборот за претставник на Евровизија за 2024 година, советот да реагира пред самата постапка за избор за претставник и песна како истиот процес би бил потранспарентен и поуспешен.
Членот Ристе Панов во продолжение зема збор даде еден свој осврт кон програмата која се предвидува за Првиот програмски сервис на МТВ и побара да се прповери дали е испочитуван рокот во објавата на ВЕБ страната на МРТ, каде може граѓаните да дадат свои забелешки и предлози по Програмата за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година.
По увидот беше констатирано дека законскиот рок е целосно испочитуван.
Анита Латифи истакна дека информативната програма која се предвидува за Првиот програмски сервис има пет копродукции или откупени проекти додека во Вториот програмски сервис нема ниту една, што вака упатува на фактот дека МТВ2 е екипиран кадровски што нема потреба од купеан програма.
Членот Гајур Рамадани во својата дискусија за предложената програма на МРТ истакна дека со некои мали исклучоци речиси е идентична со тие од минатите години, а ова важи особено за Вториот програмски сервис на МТВ..
За разлика од оваа предложената програма на Втор програмски сервис не само што воопшто не се разликува од минатогодишната, туку видливо е дека оваа што се нуди е уште посиромашна.
Вреди да се истакне дека преовладува надворешна откупена програма во време кога бројот на вработени барем во првиот сервис е задоволителен, по однос на ова Гајур побара информација колку новинари има вработено во редакциите што произведуваат програма за да се констатира зошто толку има копродукција и откуп на програма.
Гајур Рамдани истакна и дека повторно и во оваа програма за Вториот програмски сервис се провлекуваат изразите „доколку има средства“ и „доколку има вработувања“, со вакви изрази и формулации не се прави документ и побара ваквите изрази да се исклучат од програмата бидејќи не доликува на еден ваков документ да го разгледуваме и носиме во ваква форма.
Последна збор побара Снежана Клинчарова, посочувајќи дека многу размислувала дали да се вклучи во дискусијата, од причина што десет години station наназад, а некои членови и дванаесет, кажувале што би требало да има во годишните програми, како ТВ понуда од јавниот радиодифузен сервис Македонска Радио Телевизија, но се чини дека тие заложби како да не допреле до воечките, одговорни луѓе во куќата. Сепак, најмногу ме испровоцира констатацијата на претседателката, дека и оваа година добивме очекувана и предвидлива предлог програма за 2024 година, што според мене е недозволиво и не може повеќе да се оправдува со имање или немање на пари, на техника или на кадри. Мислам дека за 10-12 години можеше да се надминат најголемиот дел од проблемите.

Имено, да и одговорам на претседателката на прашањето кога ќе се стартува со новата технологија за виртуелна реалност и проширена реалност. Информирана сум дека сега се во тек пробите, а од ноември кога ќе биде подготвено големото студио ќе се стартува со примената на оваа нова технологија. Сето ова е убаво и потребно, но дали програмата ќе се подготвува на филм, во аналогна, дигитална или можеби во некоја друга технологија што ќе биде измислена во иднина, како што се најавува дека холограмите ќе бидат масовно употребувани, па ќе можеме гостин од Австралија да си го седнеме до водителот во студио во Скопје или се до упоребата на роботите како замена за новинарите и водителите, ако тоа воопшто е можно, останува фактот дека идејата, креативноста, посветеноста и квалитетот на ТВ кадрите се основен предуслов за добра програма. Со пари се купува технологија, но за знаење и квалитетни кадри е потребно време. За 12 години колку што потрошивме, се завршува средно училиште, факултет, се магистрира, а најпосветените и докторираат. Затоа се прашувам, зошто и денеска немаме доволни кадри, па каде се тие млади луѓе?
Ќе поставам и други прашања во врска со програмата, почнувајќи од  самиот почеток на нејзиниот вовед, во кој се вели дека целата продукција на МРТ прво ќе ги брани и унапредува европските вредности, па потоа се друго, како основна мисија на Јавниот сервис. Па, прашувам: Кои се тие европски вредности? Што е европска култура? Дали заради нив имаме фифти фифти наслови во предлог програмата: Педесет од сопствено производство и 49 копродукциски и откупени програми, главно финансирани од европски пари и од други странски извори, да не речам, од туѓи бели дворови.Тие проекти не само што се продуцирани со нивни пари, туку и треба да се емитуваат на прввиот програмски сервис. Ова како одговор на прашањето од колегата Гајур, зошто нема толку копродукциски проекти на вториот програмски сервис, како на првиот. Но, она што е најневеројатно, е фактот дека освен вестите и само една друга емисија, се друго што ќе се емитува од дневно информативната програма е копродукција. Затоа прашувам: Кој ја води и каде се прави уредувачката политика на јавниот сервис  Македонска Радио Телевизија. Дали куќата е независна како што стои во Законот за аудио и аудио-визуелни и медиумски услуги.
Зошто мислам дека предложената програма наликува на народната: Село гори баба се чешла. Во време кога се случуваат две војни, едната на европско тло, а дугата на блискиот исток, со повеќе кризни подрачја од кои едното во нашето соседство, кога Европа, членките на ЕУ, се многу ранливи општества, според најмоќниот европски политичар, Макрон, кога во цел Свет има терористички напади и протести, затворени и евакуирани аеродроми, нападнати синагоги, ние немаме емисија за меѓународните светски случувања. Две три минути во дневниците се премалку за премногу топ светски настани.
Догодина МРТ треба да одбележи два големи јубилеи, значајни не само за куќата, туку и за државата: 80 годнини Македонско Радио и 60 години Македонска Телевизија. Планирана е само една емисија. Доволно ли е? Па, макар таа траела 60,90 или 120 минути. Според мене овие два големи јубилеи треба да сеодбележуваат од 1 јануари до крајот на декември 2024 г. на најразлични начини. Но, она што ми е чудно и се прашувам: Зошто овие јубилеи не е планирано да бидат одбележани и на другите програмски сервиси, посебно на вториот и четвртиот, затоа што треба се имаат предвид фактите дека програмите на албански и турски јазик се емитувани за прв пат преку Телевизија Скопје, пред Албанија да воспостави телевизија на својата територија, а програмата на турски јазик во боја е емитувана прво кај нас, а потоа во Турција.
Зошто ги нема емисиите за екологија и животна средина, емисиите за климатските промени, за македонските национални вредности? Некои од нив се наведени во воведот, но во содржината ги нема. Каде се македонските народни приказни, а планирани се Албански народни приказни. Целата наша култура и културно наследство се ставени во едно квадратче со неколку наслови и на куп.
На крајот ако треба да направиме споредба со продукцијата на куќата од почетокот на плурализмот, резултатот е поразителен. На пример програмата на јавниот сервис за 1990 г. содржи повеќе од 140 наслови сопствено производсто, три пати повеќе од оваа програма за 2024 или два пати повеќе ако ги додадеме и копродукциските проекти.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

Како резултат на програмата за 1990-та, на регионалниот фестивал во Неум 1991 сме учествувале со 9 емисии од сите жанрови и плус две содржини од дневно-информативната програма.Колегата Бранко Радовановиќ се осврнал на еднодневните средби на Македонците од двете страни на границата меѓу Македонија и Албанија кај Стење и кај Дебар, додека колегата Александар Сидоровски во триминутната сатира ,,Европа, знај!,, ги обработува желбите на Републичките лидери, да се најдат поединечно во Европа.
Дали МТВ ги фати и ги обработи денешните маки на нашите во Албанија? Што е со европските вредности презентирани преку нејзината членка Бугарија во напорите за насилна асимилација на Македонците со уцени и закани? Дали се најде некој да ги заштити Македонците од Албанија од срамните ,,европски вредности,, или сите молчеа заради некакви свои европски интереси? Дали за ова создадовме некое дело со трајни вредности како документиран доказ за едно време преполно се непринципиелности?
Моето последно прашање е : Доколку треба сега или догодина да учествуваме на некој регионален тв фестивал (а на тоа не упатуваат) со кои и со колку емисии со квалитетни и трајни вредности би можеле да учествуваме? Дури и не мора да освоиме награди како на пример онаа големата што ни ја донесе документарниот филм ,,Писмо,, подоцна и наградата на музичката вонвременска емисија ,,Песната на Ангелот,, и др.
Тука заврши овој дел од расправата по однос на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2024 година, и беше договорено да се продолжи наредната недела на седница на која ќе земат учество и уредниците на програмските сервиси во МТВ и МРА.

**ТОЧКА3: Разно.**
По однос на оваа точка не се одржа расправа.

Седницата заврши во 15.30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател